СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 20-29
20.IX 1991 год.
СКОПЈЕ

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

Врз основа на ставот 2 на член 26 од Законот за републички референдум, Републичката комисија за спроведување на Референдумот Ви доставува Извештај за спроведувањето и резултатот на рефередумот одржан на 8 септември 1991 година, што Комисијата го утврди на седницата одржана на 20 септември 1991 година.

Комисијата предлага Собранието на Република Македонија овој Извештај да го разгледа и да го усвои на првата своја наредна сендица.

За преставник на Комисијата, во Собранието е определен Никола Конески, претседател на Комисијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ 1 СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Републичката комисија за спроведување
на референдумот,
Никола Конески

ЉР

Врз основа на ставот 2 на член 26 од Законот за републички референдум ("Службен весник на СРМ" број 29/73 и "Службен весник на Република Македонија" бр.40/91), Републичката комисија за спроведување на референдумот, на седницата одржана на 20 септември 1991 година, утврди и на Собранието на Република Македонија му го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### за спроведувањето и резултатот од претходното изјаснување на граѓаните на Република Македонија на референдумот, одржан на 8 септември 1991 година

1. Референдумот е спроведен врз основа на Одлуката на Собранието на Република Македонија за распишување на референдумот во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/91), заради претходно изјаснување на граѓаните на Република Македонија за прашањето "Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија".

Согласно оваа Одлука на Собранието, претходното изјаснување на граѓаните е спроведено на 8 септември 1991 година на целата територија на Република Македонија. По исклучок, согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот на републички референдум ("Службен весник на Република Македонија" број 40/91), пред 8 септември се изјаснуваа граѓаните на привремена работа или престој во странство, граѓаните на отслужување на военот рок или на воена вежба и граѓаните кои од оправдани причини на денот на одржувањето на референдумот не биле на територијата на Републиката.

Изјаснувањето на граѓаните го организираа и го спроведоа Републичката и општинските комисии и одборите за спроведување на референдумот, врз основа и во согласност со Законот за републички референдум.

На референдумот граѓаните се изјаснуваа непосредно и со тајно гласање, со гласачки ливчиња на кои беше отпечатено прашањето за кое граѓаните се изјаснуваа на референдумот.

Граѓаните во Републиката и во странство се изјаснуваа на гласачи места. Граѓаните на отслужување на воениот рок или на воена вежба и граѓаните на привремена работа или престој во некои држави во Западна Европа, во кои не е дозволено гласањето на странски државјани за прашања за кои се изјаснуваат во нивната земја (Германија, Холандија и Швајцарија) гласаа по дописен пат, односно пополнетите гласачки ливчиња по пошта ги доставуваа до Републичката комисија за спроведување на референдумот.

3. Согласно Законот за републички референдум и Законот за изменување и дополнување на овој Закон право на глас на референдумот имаа граѓаните кои беа запишани во избирачките списоци, како и граѓаните кои ова свое право можеа да го докажат со потврда од надлежниот орган, лична карта или патна исправа (пасош).

Врз основа на гласачкиот материјал доставен од општинските комисии за спроведување на референдумот, Републичката комисија констатира дека во избирачките списоци се запишани 1.419.328 граѓани, во кој број се опфатени и нашите граѓани на привремена работа. Со лична карта, потврда и патна исправа гласаа 76.479 граѓани или вкупниот број граѓани со право на глас во Република Македонија изнесува 1.495.807 (гласачко тело).

4. Републичката комисија за спроведување на референдумот по оцена на гласачките материјали од општинските комисии за спроведување на референдумот и од одборите за спроведување на референдумот во странство како и од гласачките ливчиња на граѓаните кои гласаа по дописен пат, утврди дека:

- од вкупното гласачко тело што го сочинуваат 1.495.807 граѓани, на референдумот се изјасниле 1.132.981 граѓани или 75,74%;

- со "за" се изјасниле 1.079.308 граѓани или 72,16% од вкупно гласачко тело, со "против" 39.639 или 2,65%, неважечки гласачки ливчиња се 13.648 или 0,91% од гласачкото тело;

- од 1.132.981 граѓани кои гласале на референдумот, со "за" се изјасниле 1.079.308 граѓани или 95,26%, со "против" 39.639 граѓани или 3,50%, а неважечки беа 13.648 гласачки ливчиња или 1,20%.

Во овие резултати се пресметани и гласовите на нашите граѓани на привремена работа и престој во странство, а од нив вкупно гласале 58.126 од кои со "за" гласале 57.327, со "против" гласале 653, неважечки гласачки ливчиња 146.

Покрај ова, поддршка на референдумот со своите потписи дадоа и 4.223 Македонци, кои живеат во странство, а не се државјани на Република Македонија.

5. Републичката комисија за спроведување на референдумот констатира дека во постапката за организирање и спроведување на референдумот доследно и целосно се почитувани одредбите на Законот за републички референдум, дека на денот на одржувањето на референдумот немало нереди на гласачките места или други дејствија спротивни на Законот и дека не се поднесени приговори или жалби заради неправилности во спроведувањето на референдумот или повреди на одредбите на Законот за републички референдум.

6. Врз основа на утврдените податоци од изјаснувањето на граѓаните на референдумот одржан на 8 септември 1991 година, и констатацијата дека тој е спроведен во согласност со Законот за републички референдум, Републичката комисија за спроведување на референдумот утврди дека резултатот од референдумот е позитивен.

РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Број 20-29
20.09.1991 година
Скопје

СЕКРЕТАР НА КОМИСИЈАТА,
Георгина Мицковска

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,
Никола Конески

ЧЛЕНОВИ:

1. Лазо Лабачевски ____
2. Ванчо Чучевски ____
3. Димитар Спировски ____
4. Александар Бошњаковски ____
5. Станка Петреска ____

Врз основа на ставот 1 на член 26 од Законот за републички референдум ("Службен весник на СРМ" број 29/73), Републичката комисија за спроведување на референдумот, на седницата одржана на 18 септември 1991 година, го утврди следниот

# Р Е З У Л Т А Т
## од референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година

1. Право на глас на референдумот на кој граѓаните, врз основа на Одлуката на Собранието на Република Македонија за распишување на референдум во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија бр. 37/91), се изјаснуваа за прашањето "Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија" имаа 1.495.807 граѓани на Република Македонија.

2. На референдумот, со непосредно и тајно гласање, се изјасниjа 1.132.981 граѓанин или 75,75% од вкупниот број граѓани со право на глас.

3. За прашањето за кое се одлучуваше на референдумот со "за" се изјасниjа 1.079.308 граѓани или 72,16% од вкупниот број на граѓани со право на глас, со "против" се изјасниjа 39.639 граѓани или 2,65%, а 13.648 или 0,91% гласачки ливчиња беа неважечки.

4. За начинот на кој беше спроведен референдумот не беа поднесени приговори или жалби, поради неправилности или повреди на одредбите на Законот за републички референдум.

5. Врз основа на резултатот од изјаснувањето на граѓаните, Републичката комисија за спроведување на референдумот утврди дека референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година, согласно членот 4 од Законот за републички референдум е полноважен.

6. Овој резултат од референдумот во Република Македонија, одржан на 8 септември 1991 година, согласно ставот 1 на член 26 од Законот за републички референдум, ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Број 20-29
20 септември 1991 година
Скопје

СЕКРЕТАР НА КОМИСИЈАТА,
Георгина Мицковска

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,
Никола Конески

ЧЛЕНОВИ:

1. Лазо Лабачевски
2. Ванчо Чучевски
3. Димитар Спировски
4. Александар Бошњаковски
5. Станка Петреска